| | | |
|---|---|---|
| **Седмица: 10** **Час:** 10<br>**Датум:** | **Тема** 2: **Работа со текст**<br>**Наставна единица: Тематски активности** | **Одделение:**<br>IV |

| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности – Опис | Активности – Организациони форми | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнувањата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 мин. | Да се оспособи да одреди боја, големина, порамнување, стил на текст;<br><br>- да знае да работи со документи во програма за обработка на текст;<br><br>- да знае да вметнува слики во документ; | **<u>Сите можат:</u>**<br>да го наведат името на програмата за внесување текст и да ги објаснат нејзините можности | Со учениците повторуваме за програма за внесување и уредување текст.<br>Како се вика таа програма во вашите компјутери? Како се пушта програмата? Кои можности ги нуди? | З<br>метод на разговор | Детски компјутери<br><br>Учебник | Дискусија |
| 30 мин. | | **<u>Повеќето можат:</u>**<br>да работат дадени задачи користејќи програма за работа со текст | 1. Учениците треба да го внесат текстот „ Лавот и лисицата“ на стр. 38 во учебникот. Внесениот текст да биде неформатиран. Наставникот им задава барања кои треба да ги сработат:<br>а) Насловот стави го во средина со букви 16.<br>б) Првиот дел од текстот направи го со сини и задебелени букви, со големина 12.<br>в) Вториот дел од текстот направи го со црвени и закосени букви со големина 10 .<br>г) Третиот дел со зелени и подвлечени букви со големина 14, а текстот да биде десно центриран.<br>д) Страната да биде легната.<br>ѓ) На крај на текстот вметни слика по твој избор.<br>е) Задницата на страницата направи ја во сива боја. | И<br>метод на работа со компјутер | | Набљудување<br><br>Изработен документ |
| 5 мин. | | **<u>Некои можат:</u>**<br>да наведат кои нови знаења стекнати во оваа тема ги примениле | Резимирање на знаењата што ги стекнаа во оваа тема и објаснување на начините на кои досега ги примениле. | З<br>метод на објаснување | | Дискусија |

| **Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| Воведен дел: Дискусија<br>Главен дел: Индивидуална работа на учениците, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап<br>Завршен дел: Резимирање на знаењата | | текст, програма за обработка на текст, уредување на текст. |

obrazovanie.literatura.mk